Нелко СТОЈАНОСКИ

# НЕКОИ ДЕВИЈАНТНИ ПОЈАВИ ВО ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД КАКО ПРЕДМЕТ НА СОЦИОЛОШКА АНАЛИЗА

Сферата на материјалното производство, како примарна дејност во општеството, има посебно значење за работата и делувањето на социолозите. На одредени аспекти и можноста за ангажирање на овој профил во практиката на здружениот труд беше укажано во другите реферати и соопштенија. Во ова соопштение сакам да го свртам вниманието кон можноста социолозите да се ангажираат во решавањето на одредени општествени проблеми, или како уште се нарекуваат девијантни или социопатолошки појави во организациите на здружен труд. Неоспорно е дека во оваа сфера се присутни многубројни разновидни девијантни појави, чија што визибилност и општествено значење е различна. Значи, ќе биде свртено вниманието само кон оние појави во здружениот труд кои или самите се социопатолошки или пак се значајни за нив во етиолошка смисла и, и во едниот случај и во другиот, водат кон дезорганизација во работната организација. Самото воочување на постоењето на нивното манифестирање во сверата на основнат општествена појава (производството) е од исклучително значење зашто овозможува преземање на одредени мерки кои ќе оневозможат овие појави да доведат до тешки последици во оваа, а и во другите сфери на општествениот живот.

Значењето на проучувањето на девијантните појави во ОЗТ е многу големо заради остварувањето на самоуправните односи, како и заради остварувањето на основни претпоставки за ослободување на човекот во процесот на трудот. Токму од овој аспект на овој проблем треба да му се обрне поголемо влијание. Историската смисла на социјализмот е поврзана со барањето на нова материјална и духовна основа која ќе овозможи надминување на сите форми на алиенација и ќе овозможува постепено ослободување на човекот од сите сили кои што од него прават понижено и презрено суштество. Во таа смисла успешното решавање на некои проблеми поврзани со сферата на трудот во функција на негова хуманизација и постигнување на поголеми ефекти ќе има

за последица и надминување и сузбивање на општествените основи за појава, егзистенција и развиток на социопатолошките појави.

Може да се рече дека на овие појави досега не им се укажуваше потребното внимание, иако тие несомнено оставаат видни траги во остварувањето на успешни резултати. Иако се присутни разновидни социопатолошки појави во оваа прилика ќе се осврнам на оние појави кои што се најмногу присутни и кои што се со најголемо општествено значење.

Во рамките на самоуправниот систем не постои хармонија и единство во интересите, туку делуваат различни организациони групи и индивидуи кои имаат различна положба, доход, образование, одговорност, аспирации и сл. Таквите разлики често водат кон различни конфлектни ситуации кои можат да бидат од поблаг карактер, но и да доведат до сериозни нарушувања на меѓучовечките односи, што би претставувало голема пречка во нормалното одвивање на основните процеси и дејности. Меѓучовечките и меѓугрупните односи во некои досегашни истражувања се покажаа како многу значајни во смисла на функционирањето на одредена организација, односно нарушените односи често доведуваат до дезорганизација на работната организација. Од друга страна е покажано исто така дека односите на солидарност, меѓусебна соработка и помагање, какви што треба да се изградуваат во условите на општествената сопственост на средствата за производство, водат кон зголемување на продуктивноста, задоволството од работа и дури се покажани дека се позначајни од некои материјални фактори. Во оваа смисла истражувањата на т.н. „човечки фактор“ во здружениот труд може да биде значајна преокупација на социолозите во барањето на можности за воспоставување на хармонични меѓучовечки односи.

Друга можност за ангажирање на социолозите би била делувањето и залагањето за елиминирање на стопанскиот криминал, со кој се загрозува општествената сопственост, односно нивниот ангажман околу законското и одговорно работење. Во оваа смисла значајно е да се спомене дека стопанските кривични дела се посебна опасност заради загрозувањето на општествените добра, нарушувањето на социјалистичкиот морал, а ги девалвираат работите и успешното функционирање на ОЗТ, а и на пошироката општествена заедница. Во таа смисла во рамките на целокупните напори што би се правеле во здружениот труд за негово оптимално функционирање и не е мала улогата на социологот што може да се оствари во неговото намалување. Познато е дека посегањето по општествениот имот кај нас е во пораст и тоа како по бројот на сторените дела, така и по обемот на материјалната штета што му се прави на општеството. Тоа дове-

дува до тешки последици како за организациите на здружен труд, така и за општествено-политичките заедници, односно за општеството во целина.

Од досегашните истражувања е познато дека покрај општите општествено-економски причини на криминалитетот (па и на стопанскиот) постојат и посебни и поедначни причини на кои може мошне успешно да се делува во рамките на здружениот труд од страна на организираните субјективни сили. Дури може да се рече дека помеѓу микро и макро условите за стопански криминал, микро условите во наши услови имаат позначајно место и улога. Така за конкретно извршување на вакви дела голема улога играат специфичните услови, како што се (не) информираноста на работните луѓе, свеста на работните луѓе за одговорно работење и сл., а како посебно криминогени се покажани лошата организација и неуредното работење на работната организација, неразбиените самоуправни односи и сл. Во таа смисла социологот би се ангажирал во изнаоѓање на мерки и начини за адекватна контрола, отстранување на недостатоците во ракувањето со пари и со стоки, решавањето на кадровските прашања (грижа за подобар квалитет на кадарот, подобра структура и подобри морални квалитети) и др.

Друга девијантна појава која што може да биде предмет на социолошка анализа во здружениот труд е алкохолизмот. Неоспорен е фактот за штетното влијание на алкохолот во процесот на трудот во повеќе насоки. Адекватниот третман и истражување на овој значаен проблем би довело до негово намалување, посебно ако на време се откриваат случаите и се санираат состојбите што водат до алкохолизам. Во врска со овој феномен може да се истражува застапеноста на алкохолизмот во целата популација работници и неговото влијание на отсуствувањето од работа, како и во врска со повредите на работа и сл. Во досегашните истражувања се покажа дека тој е поприсутен отколку што го бележи статистиката. Освен тоа социологот би можел успешно да делува превентивно, како и да учествува во успешната рехабилитација на алкохоличарите.

Меѓу најмногу присутните, а најмалку истражуваните општествено-економски проблеми и социопатолошки појави, секако претставува апсентизмот. Тој во нашата практика се појавува во значаен број случаи како облик на изигрување на трудот, стекнување на средства без работа. Апсентизмот е негативна, социопатолошка појава, зошто преку него доаѓа до израз негативен однос кон трудот, односно кон едно подрачје кое би требало да ги облагородува и прави луѓето среќни, подрачје каде тие би се потврдувале како творци.

Некои податоци за апсентизмот покажуваат дека се работи за појава од таков обем која во голем број случаи се јавува како пречка за нормално одвивање на процесот на трудот и општествената репродукција. Тоа пак, од друга страна, води до сериозни економски последици. Мошне често заради масовните отсуства, посебно во одредени временски периоди од годината се нарушува нормалниот тек на производството во многу организации на здружен труд. Според податоците од здравствените органи не произлегува дека сме ние „поболна нација".

Меѓутоа демократскиот политички систем и системот на социјално осигурување очигледно се злоупотребуваат. Од друга страна, пак, апсентизмот е индикатор на некои други нарушувања на односите во сферата на трудот, распределбата на доходот, меѓучовечките односи или пак е индикатор за лоши хигиенотехнички и здравстени услови.

Основниот социолошки интерес за проучување на оваа појава произлегува од фактот што таа, иако остварува мошне негативни последици, досега не била адекватно третирана и проучувана како во етиолошка така и во феноменолошка смисла. Откривањето на етиолошките фактори, што несомнено е подрачје каде може да дојде до израз работата на социологот, може да придонесе појавата да се превенира, да се сузбива и санира, што од друга страна би имало за ефект зголемена продуктивност и производство, како и хуманизација на трудот.

Грижата за работниот човек и создавањето на најповолни услови за одвивање на работниот процес каде ќе се обезбедат услови за сигурност и заштита на здравјето, а од друга страна ќе се стекнуваат услови трудот да не биде „проклетство на егзистенцијата" туку „прва животна потреба" каде работникот самоуправувач ќе се остварува како слободна личност, ќе доведува до помал апсентизам* и други социо-патолошки појави.

Освен апсентизмот во работата значајно е да се истражува и апсентизмот во самоуправувањето. Ако самоуправувањето како производствен и општествен однос сакаме да го развиваме мора да се согледаат и факторите кои влијаат на собирите на работниците и на работничките совет се повеќе да се отсуствува.

---

* Според податоците на СЗС расте бројот на денови што не се работело поради отсуства и од околу 93 милиони работни денови во 1981 год. пораснало на 102 милиони во 1983. Секако, најголем број отсуства се поради болест, но колкав е бројот на отсуствата заради вистинско, а колкав заради фиктивно боледување тешко е да се прогнозира.

Меѓу другите можности за ангажман на социолозите во практиката укажав на можноста за нивно решавање на некои девијантни појави кои се јавуваат како сопирачка на побрзиот развој, а често водат кон дезорганизација во работните организации. Врз основа на подготовките што ги имаат за време на студиумот и преку посебно подоцнежно оспособување, преку изведување на применети истражувања, социолозите можат да придонесат за санирање на ваквите проблеми. Тие врз основа на своите проучувања би требало да дадат практични насоки за разрешување на овие социо-патолошки појави, односно би укажале на стратегијата на управувањето со организацијата и функционирањето на системот на самоуправната демократија.